**20231793184**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 9-а ставот 16 и членот 56 ставот 1 точката 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/13, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021 и 60/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 август 2023 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ**

Член 1

Во „Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување“ („Службен весник на Република Македонија“ број 17/2015), во натамошниот текст „Листа на лекови“, во членот 2 со наслов „Листа А - Листа на лекови за примарна здравствена заштита кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија“, се вршат следните измени и дополнувања:

- кај АТЦ-кодот C07AG02 – „Carvedilol** - таблети (О) ЈП“, во колоната 7 со назив „Режим на пропишување“, пред ознаката „RS“ се додава ознаката „R/“, а описот на ознаката „RS/RSS - По препорака на кардиолог, интернист“ се менува и гласи: „R - лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: I10, I11.0, I11.9, I12.0, I12.9, I13.0, I13.1, I13.2 I13.9, I15.0, I15.1, I15.2, I15.8 и I15.9, RS/RSS - По препорака на кардиолог, интернист.“

- кај АТЦ-кодот C09CA01 – „Losartan** - таблети (О) ЈП“, во колоната 7 со назив „Режим на пропишување“, пред ознаката „RS“ се додава ознаката „R/“, а описот на ознаката „RS - по препорака на лекар специјалист интернист“ се менува и гласи: „R - лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: I10, I11.0, I11.9, I12.0, I12.9, I13.0, I13.1, I13.2, I13.9, I15.0, I15.1, I15.2, I15.8 и I15.9, RS - по препорака на лекар специјалист интернист.“

- кај АТЦ-кодот C10AA - „Инхибитори на HMGCoA редуктаза инхибитори (статини)** ФП (О) ЈП“, во делот „**Индикации“, по точката ѓ) се додава нова точка е), која гласи: „Артериска хипертензија, R – лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: I10, I11.0, I11.9, I12.0, I12.9, I13.0, I13.1, I13.2 I13.9, I15.0, I15.1, I15.2, I15.8 и I15.9“.

- кај АТЦ-кодот H03AA01 – „Levothyroxine - таблети (О) ЈП“, описот за ознаката „R“ се менува и гласи: „Лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за дијагноза и водење хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: E03.0, E03.1, E03.2, E03.3, E03.4, E03.5, E03.8 и E03.9“.
- кај АТЦ-кодот R03BA05 – „Fluticasone - аеросол (Inh.) ЈП“ во колоната 7 со назив „Режим на пропишување“, пред ознаката „RS“ се додава ознаката „R/“, а описот на ознаката „RS - По препорака на лекар специјалист интернист, педијатар, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на трудот и специјалист по клиничка имунологија и алергологија“ се менува и гласи: „R - лекот го пропишува избран лекар во согласност со Упатството за практикување медицина заснована на докази за третман на пациенти со астма на ниво на примарна здравствена заштита, за следните шифри според МКБ 10 класификацијата: J45.0, J45.1, J45.8 и J45.9; RS - По препорака на лекар специјалист интернист, педијатар, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на трудот и специјалист по клиничка имунологија и алергологија.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-15653/3
21 август 2023 година
Скопје

Управен одбор
Заменик претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.